ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 07.03.2016 година во 9.00 часот во кабинетот на 8Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за општи и правни работи Јаготка Николовска, Директор на ЈП Комуналец Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Советник Александар Ангелов, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

Од страна на сите одделенија во општината да се разгледаат и да се дадат предлози за реализација на проекти, изготвување на нови проекти, преработка на стари проекти.

Сите вработени да присуствуваат на состанокот во Големата Сала при Општината во врска со евиденција на работното време. Во врска со прием на странки сите одделенија да се искоординираат и да направат план за време на прием и соодветно да се објави на интернет страната и друг погоден начин.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се одржи координативен состанок со изготвувачите на проекти и да се разгледа повикот од Агенцијата за финансиска подршка на руралниот развој со кои проекти ќе се аплицира. Никола Граматиков и Душко Арсовски 7.3.2016

Известување дека Геодетскиот елаборат за с. Трново е завршен и дека се изготвуваат проценките, за проектот спојување на Лев и Десен Колектор елаборат е нарачан, да се нарача проект за инфраструктура. Никола Граматиков 7.3.2016

Да се разгледаат сите проекти за водоводи и канализациони системи и да се даде известување до колегиумот. Никола Граматиков 7.3.2016

Проектот за спортскиот комплекс да се дополни со предмер пресметка и да се обезбеди превод на Англиски Никола Граматиков. пренесено од колегиум 01.02.2016

Известување дека е нарачан елаборат за проектот за спојување на лев и десен колектор и пречистителна станица. Да се нарача проект за инфраструктура и друга потребна документација. Никола Граматиков. пренесено од колегиум 1.2.2016

При прием на проекти и друга документација од страна на изготвувачите истите да бидат разгледани и да се укаже за отстранување на недостатоци доколку истите бидат утврдени. Никола Граматиков во соработка со останатите раководители 7.3.2016

Да се водат активности за местење на мостот во Мезовски Ливади. Да се контактира со изготвувачот на проектот за водовод, канализација, како и за патот. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

Континуирано да се даваат известувања во врска со чистење на речните корита. Александар Ангелов

Континуирано Да се даваат известувања за Повеќенаменско игралиште. Никола Граматиков.

Да се земе проектот за санација за објект градинка во с. Конопница. Александар Ангелов 23.2.2016

Дадено известување во врска со проектот за тротоарите и проектот за ул.Калин Камен дека се при крај на изготвување . Никола Граматиков 23.2.2016

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се разгледа проектот за патеката на потегот од пазарот до ОУ Јоаким Крчовски ( Градечки Мост) и начин на негова реализација. Никола Граматиков и Добривој Николовски 7.3.2016

Во врска со предлозите за продажба на градежно земјиште за локациите (Борчева Кафана, Треска, Викенд Населба и др) да се формира тим и да се разгледа кои потребни документи треба да се изготват (Геодетски елаборати и Детални урбанистички планови и слично). Добривој Николовски 7.3.2016

Да се направи контакт во врска со изготвувањето на Генералниот Урбанистички план. Добривој Николовски) 7.3.2016

Да се утврдат локации за маалски Баскет игралишта, да се побараат спецификации за игралиштата и слободни површини. Да се направи санација на постоечките игралишта Добривој Николовски и Никола Граматиков пренесено од колегиум 23.2.2016.

Да се водат постапки за издавање на одобренија за градба на проектите со кои ќе се аплицира и да се информира Градоначалникот за состојбата. Добривој Николовски и Никола Граматиков. Континуирано.

За УП м.в. Дервен да се контактира со Агенцијата за планирање на просторот и да се преземат потребните активности. Добривој Николовски пренесено од претходниот колегиум

Да се води постапката за одобрение за градба за капелата Добривој Николовски и Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

Континуирано да се информира градоначалникот и колегиумот за изготвувањето на урбанистичката документација Добривој Николовски

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се подготви меморандум согласно на заклучоците на Владата на Р. Македонија. Никола Граматиков, Добривој Николовски и Игор Додевски 07.03.2016

Сите раководители да ги достават образците за оценување на административни службеници. Пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за инспекциски надзор**

Да се направи согледување на состојбата и да се повика населението во врска со преземање на водоводи и канализации. Бранко Велиновски и ЈП Комуналец. пренесено од колегиум 15.2.2016

Да се направи согледување за водоводите и канализационите системи чија сопственост се дали се предадени во сопствености или се дадени на користење. Сите раководители 7.3.2016

Да се спроведуваат активностите за акцијата за денот на дрвото – спроведување преку школи на класен час. Бранко Велиновски 7.3.2016

Да се организира еколошка акција за денот на пролета. Бранко Велиновски 7.3.2016

**Одделение за финансиски прашања**
**Пренесено од претходниот колегиум**

Информација во врска со исплатата на средствата за штети од поплавите на објекти за домување. Татјана Ѓеоргиевска 15.02.2016

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Да се соберат сите потребни податоци да се даде предлог решение и да се повикаат корисниците на простории во општината. Да се даде известување до институциите да се поднесат барања за издвојување и поставување на сопствени електрични броила Татјана Ѓоргиевска и Јаготка Николовска.пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Од страна на Градоначалникот е дадено известување дека за рудникот Тораница рокот за да се поднесат понуди е до 14.03.2016, а надавањето е на 17.3.2016 година.

Да се разгледаат проектите за енергетска ефикасност за 9-те објекти на јавните установи и доколку е потребно да се извршат потребните активности за да може да се аплицира со истите. Душко Арсовски Никола Граматиков и Антонио Давитковски пренесено од колегиум 1.2.2016

Да се даде известување во врска со состаноците и контактите со општина Дупница и нејзини партнери од Р. Грција во врска со енергетска ефикасност, јавно осветление и регулација на коритото, и со општина Трговиште во врска со заинтересираност за заедничко аплицирање. Душко Арсовски пренесено од колегиум 8.2.2016

Да се организира манифестацијата Невестинско Поклонение. Душко Арсовски пренесено од претходниот колегиум

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

За изградба на водоводот Висока Зона Лев Брег дадено известување дека се поставуваат цевки на преостанатиот дел, и се поставуваат шахти кои потоа ќе бидат тестирани. Во исто време се работи на пешачката патека и вкопување на инсталацијата во функција на истата. Томе Тодоровски 23.2.2016

Да се продолжи со постапката за добивање на одобрение за капелата. Томе Тодоровски и Добривој Николовски 23.2.2016

Известување дека во наредниот период ќе се изврши прочистување на просторот околу фудбалското игралиште и други потребни активности за средување на истото. Томе Тодоровски 23.2.2016

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ**

Да се изготви предмер / скица за резервоар за водоснабдување на училиштето во с. Градец и да се подготви апликација за обезбедување на средства за изградба. Томе Тодоровски, Стевче Христовски, Александар Ангелов и Драган Величковски. Пренесено од претходниот колегиум 23.2.2016

Изготвил И. Додевски
Крива Паланка 7.3.2016 година